Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Сектор за извршување, нотаријат и медијација

Бр. 09-530/1
Скопје, 25-02-2026 година

Врз основа на член 245 и 249 од Законот за извршување (“Службен весник на РМ” бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20 ) и Правилникот за програмата и начинот на полагање на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители (“Службен весник на РСМ” бр.13/24), Министерството за правда распишува

# О Г Л А С

## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ ВО АПРИЛСКА ИСПИТНА СЕСИЈА 2026 ГОДИНА

1. Кандидатот што се пријавува треба да ги исполнува следните услови:

- **да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1 или 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) во Република Северна Македонија и**
- **да има најмалку пет години работно искуство на правни работи.**

2. Кандидатот треба да ги достави следните документи:

- **пријава** во која читливо ќе бидат наведени личните генералии, точната адреса, бројот на телефонот и електронска пошта;
- **диплома** за завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1 или 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) во Република Северна Македонија;
- **потврда** за работно искуство на правни работи од пет години;
- **доказ за промена на името или презимето** (за кандидатите кои во молбата за пријавување имаат различно име или презиме од името или презимето наведено во дипломата за завршен правен факултет) и
- **доказ** за платени трошоци за испитот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

3. Секој кандидат треба да достави :

1) Уплатница на образец ПП/50 со следните податоци:

- цел на дознака- **за полагање на испит за извршители**;
- назив на примачот- **Министерство за правда**;
- банка на примачот-НБРМ;
- сметка - 100000000063095;
- износ - **9.000,00 денари**;
- сметка на буџетски корисник- 070010014063112;
- приходна шифра и програма - 723013 10.

2) уплатница на образец ПП/50 со следните податоци:

- цел на дознака - **административна такса за испит за извршители**;
- назив на примачот- **Буџет на Република Северна Македонија**;
- банка на примачот-НБРМ;
- сметка -100000000063095;
- износ - **50,00 денари**;
- уплатна сметка – 840 * * * 03161 (трите ѕвездички се однесуваат на шифрата на општината во која подносителот е жител);
- приходна шифра и програма- 722313 00 .

4. Пријавите во писмена форма заедно со потребните документи (во оригинал или во фотокопии заверени кај нотар) се поднесуваат во архивата на Министерството за правда, ул. “Димитрие Чуповски” бр.9 Скопје. **Рокот за пријавување за испитот е од 01 до 15 Март 2026 година.**

5. За денот и часот на полагање на писмениот и усмениот дел од испитот кандидатите ќе бидат известени дополнително.

6. Кандидатите кои ќе полагаат поправен испит ќе треба да поднесат пријава во рок од пет дена од денот на објава на резултатите од усниот испит.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Изготвила:Мирјана Лазова – Виш соработник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification